НИЗ СВЕТОТО ПИСМО со ДР. Џ. ВЕРНОН МЕКГИ

КНИГА: Изреки

БИБЛИСКИ ТЕКСТ: Изреки 22:28 – 23:35

ПРОГРАМА: #4710

Драги пријатели, добредојдовте на уште едно проучување посветено на старозаветната книга Изреки. Денес ќе ја завршиме со обработка глава 22, и ќе го обработиме поголемиот дел од глава 23. Да почнеме со читање.

Стих 28:

> **Не преместувај стари меѓи, кои твоите татковци ги поставиле. (Изреки 22:28)**

Кога Бог им ја даде на Израелците ветената земја, Тој не само што им кажа да ја населат, туку на секое племе му одреди конкретни граници кои требаше да ги насели. Не само тоа, Бог на секое семејство од тоа племе му даде одредена област за населување. Племињата и семејствата требаше да постават одредени граници за да знаат кое парче земја им припаѓа ним. Генерално гледано, тие граници, или меѓи, беа обележувани со камења.

На пример, дворот на куќата во која живееме ние е обележан со ограда. Не знам кој ја има ставено таа ограда, бидејќи кога се населивме во куќата веќе беше таму, но целта на таа ограда е да ми покаже со колкав плац располагам јас, а и колкави се плацевите на соседите. Во ниту еден случај не ми паднало на памет да ја тргнам таа ограда и да ја наместам поблиску до куќата на соседот.

Кога станува збор за земјата која Бог им ја подели на Израелците, слушнете што пишува во Повторени закони 19:14: „Не ја преместувај меѓата на ближниот свој, поставена од прадедовците твои во твоето наследство, што си го добил во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава во владение.“ Пример, можеби во некое соседство во Израел има двајца соседи од кои еден е стар и неговиот вид е ослабен. Во таква ситуација, неговиот помлад сосед може да биде во искушение да ја помести меѓата. Бог вели дека тоа не треба да се случи!

Овој принцип има важна духовна примена и за нас денес. Сакам да бидам искрен и директен со вас, но ова го правам со добра намера. Живееме во време во кое меѓите на христијанските доктрини се значително поместени, и сето тоа се случува како резултат на либералната теологија која се појави во црквите. Либералните теолози и т.н. христијани се оние кои велат: „Знаете што? Сегашните меѓи се стари, и се поставени во времето на апостолот Павле. Не се релевантни за денешното време. Ние сме попаметни и понапредни луѓе, и затоа не треба да

ги прифатиме такви какви што се. Не ни е потребна доктрината за непогрешливоста на Писмото. Не ни е потребна ниту доктрината за Христовото божество.“

Се наоѓаме во оваа жална реалност и затоа сметам дека треба да се направи нешто во однос на тоа. Според мене решението е релативно едноставно: наместо да се преместуваат меѓите на христијанските доктрини за истите да звучат привлечно за денешниот човек, ние треба да се вратиме назад на изворот и да ги прифатиме такви какви што се; бидејќи токму тие библиски вредности се основата врз која е изградено нашето општество.

Но, денешните генерации сакаат да ги преместат тие меѓи кои се однесуваат на духовните вистини што ги учиме од Светото Писмо. А самото преместување на тие меѓи ќе резултира со поинакви морални вредности. Денешните генерации не само што сакаат, туку и успешно ги преместуваат тие меѓи. Сè што треба да направите е да погледнете околу себе, и ќе сфатите за што зборувам.

Луѓето денес мислат дека решението за хаосот во кој се наоѓаме може да се најде во економијата, психологијата, екологијата и сл. Знаете што ме изненадува и растажува? Тоа што никој не зборува за теолошко решение за хаосот во кој живееме. Коренот на проблемот е што теолошките меѓи се поместени, и решението е во враќање на истите каде што им е местото. Тоа е мое лично убедување.

Стих 29:

> **Си видел ли вешт и искусен човек во својата работа? Тој ќе служи на цареви, нема да остане меѓу простите. (Изреки 22:29)**

Со други зборови, мудроста ветува дека Бог ќе ги награди намерите и напорите на трудољубивите и вештите луѓе. Сетете се на ветувањето што го даде Исус, а се однесува на оние кои еден ден ќе влезат во Божјиот спокој. Тој рече дека Бог ќе ги пречека со зборовите: „Добро сторено, добар и верен слуго“ (Матеј 26:21). На Бог нема да му биде важно колку луѓе поверувале преку нашата служба, туку колку сме биле посветени и верни во службата.

Затоа, денес сакам да ве прашам: дали и колку сте верни и посветени на повикот кој Бог ви го дал во животот? Кога велам повик немојте да мислите на нешто мистично или нешто што се однесува само за некои луѓе. На пример, повик за жените кои се мајки е добро да ги воспитуваат нивните деца. Мајката на Мојсеј беше многу добра во оваа работа, и Бог го благослови нејзиниот труд.

Еве неколку совети од апостолот Павле за тоа како да бидеме посветени на повикот кој Бог ни го дал: „Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Во усрдноста да не сте

колебливи; бидете со горлив дух; служете Му на Господ“ (Римјаните 12:10-11). Овие совети ќе ви помогнат да останете верни на Бог. Ако имате за цел да Му служите со горлив дух - можете да бидете сигурни дека ќе го искусите Божјиот благослов.

ГЛАВА 23

Со тоа доаѓаме до глава 23. Младото момче веќе се подготвува да дипломира на училиштето на мудроста. Мислам дека ќе дојдеме до дипломирањето при проучување на глава 24. Но, ајде да почнеме со читање и обработка на глава 23. Слушнете што пишува во првите три стихови.

> **Кога ќе седнеш да јадеш со властодржец, гледај добро што има пред тебе, и постави ограда на грлото свое, ако си лаком. Не се мами од вкусните гозби негови: тие се примамлива храна. (Изреки 23:1-3)**

Ќе се обидам да го поедноставам и објаснам овој стих. Мудроста вели: кога ќе те поканат на некој настан, немој да јадеш како прасе. Тоа особено важи кога ќе те поканат на некој посебен настан каде се служи храна што не ти е позната. Постави си одредени граници и немој да се срамиш. Мудроста вели: „постави ограда на грлото свое.“

Со други зборови, тоа значи да бидеме умерени личности, да практикуваме самоконтрола дури и кога јадеме. Дел од денешните истражувања покажуваат дека некои луѓе не се прејадуваат поради глад, туку поради стрес или некои други фактори кои влијаат на нивното расположение. Затоа, бидете внимателни во однос на внесувањето храна, бидејќи недостигот на самоконтрола при исхраната е сериозен симптом за карактерот на една личност. Стихови 4 и 5:

> **Ако си сиромав, не настојувај да трупаш богатство; бегај од таквите мисли. Ќе ги устремиш очите кон него, и еве веќе го нема: тоа ќе си направи крилја и како орел ќе летне кон небото. (Изреки 23:4-5)**

Овој стих е многу добро потсетување дека не само богатите, туку и сиромашните можат да се фатат во стапицата на богатството. Само зашто некој е сиромав, тоа не значи дека богатството не е идол во неговото срце. Патем, нема ништо грешно или лошо во тоа човек да поседува богатство. Богатството станува погрешно само тогаш кога е цел, а не средство. Затоа, немојте да се стремите да бидете богати, бидејќи таа желба може да ве поттикне да направите многу гревови. Дозволете Бог да биде господар над вашиот живот, а не денарот.

Пред многу години служев во една црква во која имаше човек што беше многу богат. Тој секогаш велеше: „Не ги сакам парите како цел во животот. Но,

сакам да имам пари бидејќи ми помагаат да завршам одредени нешта во животот. Кога почнав да се занимавам со свој бизнис, имав малку пари, но сега заработувам многу за да ги вложувам во Божјото царство!“ Таков треба да биде нашиот став кон парите. Нема ништо погрешно во тоа да ги поседуваме, но погрешно е ако тие нè поседуваат нас.

Проблемот со посакувањето на парите е во тоа што кога таа желба ќе се појави во нашето срце, сигурно ќе води кон алчност и лакомост - два гревови кои се широко застапени во денешното општество. Релативно мал број на луѓе се поклонуваат на парите во недела, но штом дојде понеделник, тие трчаат и се трудат да заработат што повеќе, сè со цел самите да уживаат во парите. Таквите луѓе му се поклонуваат на денарот.

Пред многу години бев пастор на една црква, и со неколку од луѓето во заедницата имав токму вакви предизвици. Не сакаа да дојдат во недела на богослужба, а во понеделник правеа сè што можат за да дојдат до повеќе пари. Интересно беше што се случи да се сретнам со еден од нив во текот на неговото работно време во понеделник. Човекот со недели не се појавуваше на богослужба во црква, а тој понеделник го видов на работа.

Му реков: „Навистина ни недостасуваш во црква“, на што одговори: „Знам, и јас сакам да дојдам, ама не се чувствувам добро.“ Си реков во себе: „Значи не се чувствува добро кога треба да дојде на богослужба, ама кога треба да му се поклонува на мамон, тој одеднаш е здрав и нема никакви проблеми.“ Тоа е алчност! Алчноста е плод на желбата за богатење. Затоа мудроста ни вели да се пазиме од такви амбиции. Стихови 6-8:

> **Не јади леб кај завидлив човек и не се занесувај од вкусните негови гозби; зашто какви му се мислите во душата негова, таков е и тој: „Јади и пиј“, ти вели, но срцето негово не е со тебе. Залакот, што си го изел, ќе го изблуеш, и убавите зборови свои напразно ќе ги потрошиш. (Изреки 23:6-8)**

Досега неколку пати ми се случило да бидам предупреден од некои мои колеги во врска со овие нешта. Некогаш кога сме на конференција некој ќе ми каже: „Сакаш да одиме на вечера?“ Генерално гледано одговарам со: „Не, сакам да одморам бидејќи денот ми беше напорен“, или пак одлучувам да излезам со луѓе кои ги познавам. Но, одвреме навреме некои од моите колеги ми велат: „Пази се ако таа и таа личност те покани на вечера, бидејќи неговите пријатели се луѓе кои постојано ќе те снимаат и ќе ти поставуваат незгодни прашања со цел да те фатат во некоја замка и потоа да те цитираат.“

Обично кога некој ве кани на вечера, добивате впечаток дека таа личност е пријателски настроена кон вас и дека сака да биде во вашето присуство. Како резултат на таа претпоставка, сакате да се опуштите и да бидете отворени во разговорот. Јас сум таков по природа - ако одлучам да излезам со некој, сакам да

бидам искрен во комуникацијата. Но, пред некое време постапив така и сфатив дека тоа беше голема грешка. Бев излезен со еден брачен пар и се нашалив на сметка на еден близок пријател.

По некое време, бевме заедно со него и тој ми рече: „Слушнав дека кога си излегол на вечера со наши заеднички пријатели, си зборувал за мене.“ Кога му кажав што реков, тој се насмеа, но и ми рече: „Знаеш ли дека тој брачен пар ми кажаа дека си рекол нешто сосема поинакво за мене?“ Воопшто не ми беше сеедно да го слушнам тоа, но тој разговор ми беше уште едно потсетување дека треба да внимавам дали и колку сум искрен со луѓе кои не ми се навистина блиски. Продолжуваме со читање на глава 23. Слушнете што пишува во стих 13:

> **Не оставај го детето без казна: ако го казниш со прачка, тоа нема да умре (Изреки 23:13)**

Физичкото дисциплинирање е една од темите кои често се појавуваат во оваа книга. Мој совет е: практикувајте физичко дисциплинирање, но не кога сте премногу изнервирани. Сакам да ве потсетам дека целта на ова за кое размислуваме е детето да се научи на одредена дисциплина, а не да се казни. Ако дисциплината не е главната цел, тогаш сè што ќе направите ќе биде напразно.

Сметам дека децата треба да се дисциплинираат, но родителите не треба да им се закануваат со зборовите: „Ќе те казнам!“ Наместо тоа, користете ги зборовите „Ќе те дисциплинирам!“ Разликата меѓу едното и другото е навистина голема. Павле вели: „И вие, татковците, не дразнете ги децата свои, туку подигнувајте ги во воспитанието и науката на Господ.“ (Ефесјаните 6:4).

Стихови 19-21:

> **Слушај, синко, и биди мудар и насочувај го срцето свое по прав пат. Не биди меѓу оние, што се опиваат со вино, меѓу оние, што се презаситуваат со месо, – зашто пијаницата, и оној што се прејадува, ќе осиромашат, а сонливоста ќе ги облече во партали. (Изреки 23:19-21)**

Бидете внимателни во однос на тоа со какви луѓе се дружите. Знаете што ќе се случи ако се дружите со зли луѓе? Ќе ве научат на лоши навики и манири. Тоа е она против кое нè предупредува мудроста. Стих 22:

> **Слушај го својот татко: тој те родил; не ја занемарувај мајка си, кога таа ќе остарее. (Изреки 23:22)**

Вашите родители стареат. Ако имате над 40 години и вашиот татко е сè уште жив, можеби почнува да заборава некои нешта. Но, и покрај тоа тој е човек со многу мудрост, и затоа е добро да покажете почит кон него.

Земете го за пример Авесалом - еден од синовите на царот Давид. Кога сега би имале прилика да разговарате со него, претпоставувам ќе ви каже дека татко му Давид беше многу помудар од него. Авесалом дигна бунт против својот татко и сакаше да го симне од тронот бидејќи мислеше дека ќе биде подобар цар од него. Во еден момент, Авесалом ја собра својата војска, го напушти градот Ерусалим и тргна во потера по татко му. Но, тоа беше голема грешка, бидејќи татко му ја познаваше периферијата, односно планините и долините, многу подобро од него. Во таа потера Авесалом го загуби својот живот, и покажа дека не е помудар од неговиот родител. Стих 23:

> **Купувај вистина и не продавај мудрост, учење и разум. (Изреки 23:23)**

Дали вистината може да се купи? Нема продавница во која се продава, зарем не? Поентата на оваа изрека не е да ни каже дека вистината се продава, туку дека треба да се посветиме на нејзино пронаоѓање и да ја цениме. Вистината е поважна од сè во животот.

Стих 26:

> **Синко, дај ми го мене срцето твое и очите твои да ги гледаат патиштата мои (Изреки 23:26)**

Бог ги сака нашите срца, бидејќи тие се изворот на животот. Ако Бог е господар над нашите срца, Тој ќе господари и над нашите мисли, дела и зборови.

Стих 27:

> **Зашто блудницата е длабока пропаст, а туѓа жена – тесен бунар (Изреки 23:27)**

Овој стих го потврдува тоа што го кажав пред неколку епизоди, имено дека кога зборува за туѓа жена, мудроста покрај друго мисли на блудницата. Стих 28:

> **Таа како разбојник ги пречекува и ги умножува беззаконициte меѓу луѓето. (Изреки 23:28)**

Во Стариот Завет имаме два примери за вистинитоста на овој стих. Првиот е Јуда. Тој посака да спие со една блудница, и на крај испадна дека таа блудница е неговата снаа. Вториот пример е Самсон. И тој се соочи со многу тешки последици поради неговата одлука да си зе жена со ниски морални вредности. Стих 29:

> **На некого – ах, на некого – ох, на некого – кавга, на некого жал, на некого рани без причина, на некого зацрвенети очи? На оние, што**

заседнуваат околу вино, кои одат да бараат вино со ароми. (Изреки 23:29-30)

Покрај тоа што го предупредува против блудната жена, мудроста го предупредува момчето и против прекумерната употреба на алкохол. Забележете кои се последиците од овој порок:

Отпосле тоа ќе касне како змија и ќе жилне како отровница; очите твои ќе гледаат привиденија, и срцето твое ќе почне да говори неразумно; и ти ќе бидеш како заспан среде море и како задреман на врвот од јарбол (Изреки 23:32-34)

Ова се само дел од проблемите кои ќе ви се случат ако невнимателно конзумирате алкохол. Бидете внимателни, и ако не си ги знаете границите, подобро е целосно да го избегнувате овој порок.

Тука ќе завршиме со денешното проучување. До следниот пат, Бог нека ве благослови!